# Ново срце



**Неделен Христијански Интернет Билтен бр. 105, Дата: 07. 10. 2011.**

## Бескорисни и бизарни изуми









Во светот постојат многу корисни и брилијантни изуми, но за жал постојат и такви кои се чудни, бескорисни и скоро неупотребливи. Во овој број ќе ви претставиме некои од овие бизарни изуми и направи:

- **Катанец за WC шолја.**

Сигурно си го поставувате прашањето: зошто некој би имал потреба да заклучува WC шолја? Што би можеле да украдат од таму? Ако сепак ставате катанец на шолјата, барем обезбедете памперси за гостите.

- **Пластична футрола за банана**

Идејата на овој изум е да ја заштити бананата од гмечење, додека се наоѓа во ранецот. Но што ако некој понесе 1кг. банани? Али ако сака да понесе круша, праска, киви..па дури и јагоди? Замислете како би изгледале сите овие пластични футроли, за различен вид овошје? А можеби сепак е подобро што некој измислил пластична кутија што собира се заедно?

- **Мета за пикадо, на надувување.**

Ако користите ваква мета, веројатно ќе мора да се помирите со фактот дека вашата игра со пикадо ќе трае многу кратко, бидејќи ако сте добар стрелец, самите ќе извршите „атентат“ на вашата мета на надувување.

- **Чадор кој собира вода за пиење**

Кај овој изум, куполата на чадорот е свртена наопаку за да може да ја собира дождовната вода, додека врне. Истата вода, преку црево, поминува низ мал филтер и потоа може да се пие. Замислете, вие сте жеден а надвор врне; си го земате чадорот, го отварате на дождот и си пиете од „дождовната“ вода. Само изумителот не предвидел еден факт: луѓето обично се жедни кога е сончево, а не кога врне дожд.

Спротивно на овие бизарни изуми, кои денес никој не ги користи, Библијата ни Го претставува Бог како прекрасен Изумител (Создател), на сé што постои. Откако Тој ги создаде сонцето, месечината, ѕвездите, планетите, земјатата, животните, растенијата ... и човекот, Бог погледна наоколу и го даде својот коментар и оценка: *„И виде Бог дека е многу добро се она што го беше создал“ (1 Мојсеева 1:31)*

Денес човекот се фали дека може да создаде скоро се што ќе посака, но не треба да заборавиме дека се што создаваме е од материјал што Некој веќе го создал пред нас.



Еднаш, човекот и Бог разговарале за создавањето. Гордиот човек му се обратил на Бог: „Да, Ти навистина си голем изумител, но ние веќе толку напреднавме што повеќе не си ни потребен. Сега, со модерната технологија, можеме и ние самите да создадеме, сé што и Ти си создал. Дури можеме да создадеме и човек од земја. „Добро“-рекол Бог, „ но најнапред создадете си и ваша земја. Оваа земја што ја користите е моја. И неа Јас ја создадов.“

(П.С. Во прилог ви го даваме одговорот на прашањето, кое беше објавено на ѕидот на нашиот Фејсбук-профил: „Што е тоа што има име, а сепак не постои?“. Одговорот е „ништо“.)

**Адреса: „Ново Срце“, П. Фах 135, Неготино, 1440. Е-пошта : novosrce1@gmail.com**